Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на Општина Кавадарци**, на ден 20.02.2020 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 14, ДЕЛ ОД БЛОК 14.8, „ТРИБОР“, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст (Сл.весник на РМ199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и АУП и содржината формата и начинот на обработката на Проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ, бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, http://www.kavadarci.gov.mk/.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 14, ДЕЛ ОД БЛОК 14.8, „ТРИБОР“, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. .
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11 – 523/11
с.р 19.05.2020
Место Кавадарци

Име и презиме

ОПШТИНАКАВАДАРЦИ
Градоначалник мр Митко Јанчев